**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 15- 16243/7 Скопје, 10 јули 2018 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 и став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13), одлучувајќи по барањето на „Стопанска банка" АД Скопје, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „Стопанска банка" АД Скопје за вршење на финансиската активност „застапување во осигурување".

2. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15813 од 30 април 2013 година, во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „Стопанска банка" АД Скопје, по алинејата 20 се додава нова алинеја 21 „- застапување во осигурување". Алинеите 21, 22 и 23 стануваат алинеи 22, 23 и 24.

3. Гувернерот ќе ја повлече издадената согласност, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите за вршење на финансиската активност предвидени во Законот за банките и Одлуката за издавање согласности.

## Образложение

На 8 мај 2018 година „Стопанска банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање претходна согласност од Народна банка на Република Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиска активност - Застапување во осигурување, врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките. Барањето е комплетирано со документацијата предвидена во глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности на 19 јуни 2018 година.

Финансиската активност е дефинирана во Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16 и 83/18). Согласно со член 134-ж од овој закон, работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка, а Народната банка ќе издаде дозвола само врз основа на претходна согласност на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. На 18 мај 2018 година, Агенцијата за супервизија на осигурувањето ѝ издала на Банката согласност за вршење работи на застапување во осигурување.

По разгледувањето на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Од анализата на доставената документација, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаа предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности. Според доставената документација:

- постои економска оправданост за отпочнување со вршење на финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно извршување на финансиската активност и соодветна организациска поставеност;
- со предвидената организација на Банката се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност;
- Банката располага со соодветен информативен систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема кои ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;
- овозможено е вклучување на новата финансиската активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот на Банката;
- извршувањето на финансиската активност е регулирано со интерни акти;
- по спроведената анализа на ризиците, Банката утврдила низок ризик од воведувањето на новата финансиска активност;
- дефинирано е лицето со посебни права и одговорности надлежно за следење на вршењето на финансиската активност.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ РМ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. - СКОПЈЕ
ЦЕНТРАЛА СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 07. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 84 | | |